РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-9360/2 (2022)
15-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-9360/1 од 24.11.2022 година, во врска со спроведена постапка по објавен јавен повик од страна на Министерство ------------------------ за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека подносителот на пријавата имал можност да се обрати за надлежно постапување до друг орган односно Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Предметот со број 12-9360/1 од 24.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, на ден 24.11.2022 година, поднесена е пријава во врска со спроведена постапка по објавен јавен повик од страна на Министерство за ------------------------ на РСМ за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија и оформен е предмет број 12-9360/1 од 24.11.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека Министерство ----------------------- на РСМ објавило јавен повик за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон ---------------------------------------------------------, во врска со кој повик Здружението Ловечко друштво „--------" од ------- доставил понуда за ловен реон ------- поточно за ловиштата -------------, ----------- и ------------.

При постапката за евалуација на понудите и изборот на најповолен понудувач поднесената понуда од наведеното ловно друштво била отфрлена со образложение дека здружението нема регистрирана дејност, за што подносителот наведува дека не е точно и дека при постапката за избор на најповолен понудувач Здружението Ловечко друштво „----------" од ---------- е оштетено.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот подносителот на пријавата имал законска можност по случувањето на настаните образложени во пријавата, во утврден рок да се обрати до Државната комисија за жалби по јавни набавки како надлежен орган за постапување со овие и/или слични наводи.

Врз основа на наведеното ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**